**Прилог 6. Сумиран компаративен преглед на вклученоста на граѓанските организации во политички активности**

Не постои единствена дефиниција што се политички активности. Различно се интерпретира секаде. Во најширока смисла, се има разбирање дека повеќето од активностите на ГО имаат импликации на јавната политика. Во зависност од контекстот „политичките активности“ во својата широка дефиниција вклучува: поддршка на кандидати на избори, поддршка на одредена политичка партија, лобирање за или против одреден закон, вклучување во јавно застапување, или вклучување во политичка дебата за кое било прашање и др.

Рестрикцијата на политичките активности зависи од системот. Англосаксонските земји се построги во однос на политичките активности на граѓанските организации, додека во континенталните системи ситуацијата е полиберална. Но ограничувања постојат секаде и најчесто тие се врзани со даночните олеснувања.

Така, во англосаксонските земји се тежнее на ограничување на вклучување во политички партии или занимавање со политички активности на организациите кои имаат статус од јавен интерес односно кои што се подлежни на даночни олеснувања (пр. Англија, Велс, САД) бидејќи тие активности се претпоставува дека им припаѓаат на политичките партии, а тоа може да доведе до судир со целите од јавен интерес кој го промовираат организациите. Така во Англија и Велс организациите со статус од јавен интерес (черити) никогаш не може да бидат основани со основна цел да се вклучуваат во политички активности и никогаш не можат да подржат политичка партија или кандидат. И Канада и Ирска имаат слични правила.

Кај континенталните земји традицијата е поинаква. Како општо правило е дека не постојат посебни одредби во законите кои што ја регулираат оваа проблематика. Франција, Белгија, Холандија, Данска и др. немаат забрани за вклучувањето во јавните политики на организациите, напротив некои земји го охрабруваат политичките активности на организациите. Во Белгија на пример има посебни правила кои се нарекуваат „право да се критикува“. Овдека како пример е дадена и Германија каде што политичките партии основаат свои граѓански организации (слично е и во Швајцарија). Но и во овие земји има ограничувања кои што се поврзани со изземањето од плаќање даноци (организациите кои се ослободени да плаќаат даноци не може директно да поддржуваат политички партии).

Источно европските земји имаат правила слични на западноевропските земји. Полска е веројатно најлибералната земја во овој поглед. Имено во Полска се стимулира секоја политичка активност, па дури има можност и за учество во политичка кампања (преку посебни доброволни комитети). Во Чешка може да се поддржат кандидати но не може да се финансираат политички партии. Исто и во Унгарија може да се номинира или поддржи кандидат на избори, но не може тоа да го правата организациите кои што имаат статус од јавен интерес. Овие организации не може да учествуваат на избори и не може да финансираат политичка партија.

Целиот текст од анализата може да се најде на следниот линк: http://www.icnl.org/KNOWLEDGE/IJNL/vol12iss1/special_1.htm